РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 12 - 448/2
14.06 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Република Северна Македонија

## - Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -

### Одделение за нормативно правни, општи и административни работи

**Датум: 14.06.2023 година**

**До:**

**Наш број: 12-448/1 од 09.06.2023 година**

**Предмет: Известување по Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

До Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам пристигнато е Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 12-448/1 од 09.06.2023 година, со должна почит го разгледавме истото за кое Ве известуваме во прилог на овој допис.

Бараниот Записник од извршен инспекциски надзор во Општина Куманово и останати документи се во прилог и истите ќе Ви бидат доставени и по електронски пат на посочениот e-mail

Со почит,

**Изработил:**

**Раководител на ОНПО/**

**в.д.Директор**

Република Северна Македонија
-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам-

**Арх. Бр: 09ип1–59**
**Датум: 07.06.2023 година**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА КУМАНОВО - KOMUNA E KUMANOVËS
Куманово - Kumanovë
Примено: 08-06-2023

**До: Градоначалник на Општина Куманово**

**Предмет: Достава на Записник**

Почитуван/а,

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам врз основа на одредбите од Законот за градење (Сл.Весник на РМ со бр.124/10,.....,64/18, 168/18 и Сл.Весник на РСМ со бр.244/19,18/20 и 279/20, 227/22) и Налогот за вршење на вонреден инспекциски надзор издаден од страна на Директорот на инспекторатот, бр.01-432/1, на ден 05.06.2023 год. изврши вонреден инспекциски надзор над работата на сектор за урбанизам во Вашата општина.

Од извршениот инспекциски надзор е составен Записник со бр. 09ип1-59 од 05.06.2023 год. кој Ви се доставува во прилог заради Ваше запознавање со содржината на записникот и негово потпишување. Воочените работи при вршење на инспекцискиот надзор потребно е да се усогласат согласно позитивните одредби од Закон за градење и за постапеното да го известите Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Ако во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот, субјектот на инспекциски надзор не се произнесе по однос на доставениот записник или примерок од него не го врати потпишан, се смета дека е согласен со неговата содржина, чл.82 став 4 од Закон за инспекциски надзор (Сл. Весник на РСМ со бр.102/19).

Прилог:

- Записник (2 ком) 09ип1-59 од 05.06.2023 год.

Со почит,

Самостоен градежен инспектор

Република Северна Македонија
-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам-

# ЗАПИСНИК

за извршен инспекциски надзор
Арх.број 09ип1-59 од 05.06.2023 год.

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Општина Куманово |
| Седиште/адреса на субјектот | ул.11-ти Октомври бб Куманово |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | |

| | | |
|---|---|---|
| Одговорно/и лице/а на субјектот: Градоначалник | | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| Максим Димитриевски | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | **2. ВОНРЕДЕН** | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | [05.06.2023] | Време на почеток на инспекцискиот надзор [чч.мм] | [11:00] |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | [07.06.2023] | Време на завршување на инспекцискиот надзор (чч.мм) | [16:00] |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Општина Куманово | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | 84.11 – Општи дејности на јавна управа | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул.11-ти Октомври бб Куманово | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

1. месечниот план за работа на инспекциската служба за месец _____, _____ година;
2. налог издаден од директор на инспекциската служба, бр.**01-432/1** од **05.06.2023** година;
3. налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. _____ од _________ година;
4. записник/решение за извршен инспекциски надзор број ______ од _________ година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и вид на инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот):

1. Самостоен градежен инспектор
2. , Советник урбанистички инспектор
3. градежен инспектор

5) Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):

1. Контрола над работата на сектор за урбанизам во врска со издавање на Одобрение за градење, број 21-уп1-4756 поднесено на 11.07.2022 год., во согласност со Закон за градење, чл.128 став 1 од Закон за градење (Сл.весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,......... , 35/18, 64/18,168/18 и Сл.весник на РСМ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22).

1. Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник.

2. **Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината):**

– Согласно член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор, листите за проверка се задолжителни при редовниот инспекциски надзор, а не и кај вонредниот инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Секретар на Општина Куманово | | |
| на сектор за урбанизам | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1 | | Претседател на совет на општина Куманово |

9) Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:

Врз основ на оформен предмет во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, наш бр.08упп-179, директорот на инспекторатот издаде налог за вршење на вонреден инспекциски надзор (ВИН) во општина Куманово, бр.01-432/1 од 05.06.2023 год., во врска со постапката која се води во Општина Куманово за издавање на Одобрение за градење, со бр.21-уп1-4756 креирана односно поднесена на 11.07.2022 год. При инспекцискиот надзор е констатирано дека предметната постапка е во фаза на пресметка за уредување на градежно земјиште кое од страна на раководителот на сектор за урбанизам Емилија Сларидис Јаневска д.и.а. на ден 06.04.2023 год. преку електронскиот систем е-одобрение за градење го поднела предметот до Сектор за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животна средина и природа за изготвување на пресметка за уредување на градежно земјиште. Стручните административни службеници од овој сектор, Мирослав Доцевски д.и.а. на работна позиција Советник за уредување на градежно земјиште како и Лидија Ланг Спасовска д.и.а. на работна позиција Раководител на секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животна средина и природа, на 10.04.2023 година имаат постапено и изготвено пресметка за уредување на градежно земјиште, со бр.20-УП1-4756, потпишано од нивна страна и доставен до Градоначалник на Општина Куманово за одобрување и потпис. Постапката за издавање на одобрението за градење застанува во ова фаза и чека одобрување од страна на Градоначалник на Општина Куманово за пресметката на комуналиите со задоцнување и пречекорување на законските рокови дадени согласно Закон за градење. При инспекцискиот надзор од страна на секретарот на Општина Куманово ни беше кажано дека Градоначалникот е свесен дека го задржува предметот, тоа го прави за општо добро и дека чека од советот на Општина Куманово, на совет, да го поништи ДУП-от (дел од УЕ "Трета" МУБ, дел од УБ 48 (дел2) и за дел од УЕ "Б.С.Гојчо", дел од УБ 44, Општина Куманово (2018-2023) донесен со Одлука бр.09-9525/41 од 28.12.2021 год.) за после тоа да ја прекине и запре постапка за издавање на Одобрение за градење, со бр.21-уп1-4756, поради немање на Детален урбанистички план за тој дел. Со ова постапка Градоначалникот на Општина Куманово свесно му ги ограничува правата на подносителот на барањето за добивање на одобрение за градење кои му следуваат согласно Закон за градење.

На денот на поднесување на барањето за добивање на одобрение за градење, подносителот поднел изработен основен проект согласно Извод од план со број 21-5477/2 од 28.06.2022 год. издаден од Општина Куманово, Сектор за урбанизам-Одделение за планирање и донесување на урбанистичка документација, во согласност со чл.47 став 1 од Закон за градење во кој е наведено дека, цитирам "Основниот проект е збир на меѓусебно усогласени проекти со кои се дава техничко решение на градбата, се прикажува поставеноста на градбата во локацијата и исполнувањето на основните барања за градбата и истиот се изработува врз основа на извод од детален урбанистички план или урбанистички план за вон населено место или урбанистички план за село или државна

На ден 06.04.2023 година од страна на Наталија Стојмановска и Раководител на Сектор за урбанизам Емилија Сларидис Јаневска, потпишани со електронски потпис, издадена е Потврда за заверка за проектна документација со што е потврдено дека дека основниот проект е изработен во согласност со прописите за проектирање, урбанистичкиот план или урбанистичко-планската документација или проектот за инфраструктура, а во случаите од членот 59-ѕ став (1) од овој закон дека со основниот проект не се нарушуваат стандардите и нормативите за објектите со намена домување во станбени куќи (А1) по однос на дозволената височина (катови и метри) и бројот на станбени единици, кои се утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. Согласно чл.59 став 11 од Закон за градење е наведено дека, цитирам "Доколку доставената или дополнетата документација е комплетна се исполнети условите од ставот (8) на овој член и добиено е позитивно мислење, односно согласност од страна на субјектите од членот 58-в од овој закон до кои е доставено барање за увид во основниот проект, **надлежниот орган е должен во рок од два дена** комплетирањето на документација или од приемот на позитивното мислење, односно согласност **да го завери основниот проект** и **да достави до барателот известување со пресметка за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште**. За градбите од прва категорија надлежниот орган по заверката на основниот проект истиот го доставува до соодветната општина заради изготвување на пресметка на надоместокот за уредување на градежно земјиште. **Барателот е должен** надоместокот за уредување на градежно земјиште да го плати или да го уреди плаќањето на начин утврден во ставот (12) на овој член, **во рок од 15 работни дена** од приемот на известувањето со пресметка за плаќање на надоместокот."

Од денот на издавање на Потврдата за заверка на основен проект, 06.04.2023 година, и изработката на преметката за уредување на градежно земјиште со бр.20УП1-4756 од 10.04.2023, до денот на вршење на вонредниот инспекциски надзор, 05.06.2023 година, се поминати речиси 2 месеца со што му се ускратени правата на подносителот на барањето да добие Одобрение за градење согласно позитивните законски одредби од Законот за градење.

– врз основа на која (да се заокружи само едно):

1. не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор;
2. **утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се преземени следните мерки:**

Утврдено е дека на подносителите на барањето за добивање на одобрение за градење им се ускратени законските права за добивање на Одобрение за градење со пречекорување на роковите за постапување од надлежниот орган Општина Куманово согласно Закон за градење а се однесува на предметот кој се води во информацискиот систем е-одобрение за градење со број 20-УП1-4756. Поради тоа ќе се донесе:

- **Решение за задолжување**, со кое ќе се задолжува Општина Куманово постапката за издавање на Одобрение за градење да ја продолжи и води во согласност со Закон за градење и роковите дадени со истиот закон.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен субјектот на надзор (претставникот на субјектот на надзорот) , кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот: | |
| Датум: | | Датум: | 07.06.2023 год. |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.

Република Северна Македонија
-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам-

# ЗАПИСНИК
## за извршен вонреден инспекциски надзор

Број: 08-ип1-60

Датум: 05.06.2023 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Општина Куманово | |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул: 11 Октомври бб Куманово | |
| Адреса за е-пошта | | |
| Телефон | | |
| Матичен број на субјектот | | |
| Даночен број на субјектот | | |
| Број на жиро сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | НБРМ | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| Градоначалник: Максим Димитриевски | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | [05.06.2023] | Време на почеток на инспекцискиот надзор [чч.мм] | [10.30] |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | [05.06.2023] | Време на завршување на инспекцискиот надзор (чч.мм) | [16.30] |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Општина Куманово | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши над. | | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши... | Ул: 11 Октомври бб Куманово | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

1. месечниот план за работа на инспекциската служба бр. ________ од ________ година;

2. **налог издаден од раководителот на инспекциската служба, бр. 01-432/1 од 05.06.2023 година;**

3. налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, број ________ од ________ година;

4. записник/решение за извршен инспекциски надзор број ________ од ________ година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и видна инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот):

1. **Наташа Мирошниченко-Вељаноска, советник урбанистички инспектор**

5) Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):

1.**Постапка за целосна Суспензија на ДУП за дел од Урбан блок 48 (дел2) и за дел од У.Е.,,Б.С.Гојче,, дел од Урбан блок 44, Плански опфат помеѓу бул.,,Трете МУБ,, ул,, Перо Чичо,, ул,, Прва Петолетка,, и ул,, Миле Кипар,,- Општина Куманово, донесен со Одлука број 09-9525/41 од 28.12.2021 година,** согласно член 23 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 32/20).

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

1. Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник,

2. Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината): **Постапување по преставка во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, заверена со број 08упп-179 од 01.06.2023 година, од Адвокат Виктор Божиновски ул: Ленинова 52 кат 1 одКуманово, ополномошен од УПМ-ГРУП ДООЕЛ Куманово и ХРОМАК-ЕМИЛ ДООЕЛ Куманово како инвеститори на Барање на одобрение за Станбена зграда (ГП 48.8) која е засегната од целосна Суспензија на ДУП за дел од Урбан блок 48 (дел2) и за дел од У.Е.,,Б.С.Гојче,, дел од Урбан блок 44, Плански опфат помеѓу бул.,,Трете МУБ,, ул,, Перо Чичо,, ул,, Прва Петолетка,, и ул,, Миле Кипар,,- Општина Куманово,**

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

-Александар Галевски, диа, Секретар на општина Куманово и Претседател на комисијата за урбанизам на општина Куманово.

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

-Ивана Ѓорѓиевска, претседател на Советот на општина Куманово.

Како составен дел на планскиот опфат на Деталниот урбанистички план, **Гимназијата СОУ „Гоце Делчев„ Куманово, законски била обврзана активно да учествува во јавната презентација и јавната анкета за донесување на и да ги вгради, заштити јавните интереси и истовремено да ги презентира сопствените проекти за поставување на фото-панели за производство на електрична енергија во согласност со важечкиот ДУП** за дел од Урбан блок 48 (дел2) и за дел од У.Е.„Б.С.Гојче„ дел од Урбан блок 44, Плански опфат помеѓу бул.„Трете МУБ„ ул„ Перо Чичо„ ул„ Прва Петолетка„ и ул„ Миле Кипар„- Општина Куманово, донесен со Одлука број 09-9525/41 од 28.12.2021 година.

Како составен дел на планскиот опфат на Деталниот урбанистички план, ЈЗУ **Здравствен дом Куманово, законски била обврзана активно да учествува во јавната презентација и јавната анкета за донесување ДУП** за дел од Урбан блок 48 (дел2) и за дел од У.Е.„Б.С.Гојче„ дел од Урбан блок 44, Плански опфат помеѓу бул.„Трете МУБ„ ул„ Перо Чичо„ ул„ Прва Петолетка„ и ул„ Миле Кипар„- Општина Куманово, донесен со Одлука број 09-9525/41 од 28.12.2021 година **и да ги вгради и заштити јавните интереси, односно да се провери инвентаризацијата и планираната состојба на сопствениот имот и за истото да алармира преку анкетен лист.**

Во стручното мислење од проф.Д-р Мирослав Грчев, диа, јасно и недвосмислено се одговара, но истовремено се прави градација дека е попречено нормалното функционирање на Гимназијата СОУ „ Гоце Делчев„ Куманово во помала мерка и се врши грубо нарушување на јавниот интерес во ЈЗУ Здравствен дом Куманово, поради што се бара од општината да преземе соодветни мерки. **Државниот инспекторат мора да потенцира дека ГП 48.8 која е засегната од Целосна Суспензија на ДУП, не граничи ниту предизвикува нарушување на јавниот интерес на Гимназијата и Здравствениот дом.**

Комисијата за урбанизам постапил правилно што заземала став за заштита на јавниот интерес со потенцирање на недостатоците во Деталниот урбанистички план, но требал внимателно да одлучи дали ќе поведе постапка за Суспензија или Измена и дополна на ДУП. **Земајќи во предвид дека на ГП 48.8 се води постапка за одобрение за градење во завршна фаза, која ниту предизвикува нарушување на јавниот интерес, ниту граничи со Гимназијата и Здравствениот Дом, но може да предизвика штета која непотребно ќе ја сноси единицата на локалната самоуправа на општина Куманово.**

Во мислењето од Министерството за транспорт и врски, за Стручен елаборат за Суспензија на применување на ДУП, кое не е обврзувачко, бидејки штета ќе ја сноси единицата на локалната самоуправа на општина Куманово, **но истото препорачува да се имаат во предвид сите донесени управни акти или започнати постапки, истовремено се бара од донесувачот да ги разгледа и исцрпи сите можности предвидени во Законот за урбанистичко планирање, како што е можноста за Изменување и дополнување на ДУП.**

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам не се согласува со Стручниот Елаборат за Суспензија од Комисијата за урбанизам на општина Куманово и Одлуката за целосна Суспензија на Советот на општина Куманово. Предлага да се постапи согласно член 31 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 32/20), да се отпочне Постапка за изменување и дополнување на ДУП за дел од Урбан блок 48 (дел2) и за дел од У.Е.„Б.С.Гојче„ дел од Урбан блок 44, Плански опфат помеѓу бул.„Трете МУБ„ ул„ Перо Чичо„ ул„ Прва Петолетка„ и ул„ Миле Кипар„- Општина Куманово.

Поради погоре утврдените неправилности урбанистичкиот инспектор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам согласно член 85 од Законот за урбанистичко планирање :

**- Ќе донесе решение со кое ќе се задолжи Градоначалникот на општина Куманово, односно лицето овластено од градоначалникот, да отпочне постапка на Измена и дополна на ДУП за дел од Урбан блок 48 (дел2) и за дел од У.Е.„Б.С.Гојче„ дел од Урбан блок 44, Плански опфат помеѓу бул.„Трете МУБ„ ул„ Перо Чичо„ ул„ Прва Петолетка„ и ул„ Миле Кипар„- Општина Куманово,**

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

–

–

–

–

–

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот: | |
| Датум: | | Датум: 05.06.2023 | |